**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Сто и четврттата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 10 мај 2002 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Илјаз Халими, потпоретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Известен сум дека пратениците имаат проблеми, за да стигнат до Парламентот поради блокади на патиштата.

Бидејќи немаме кворум за работа, ќе морам седницата да ја одложам за во 14,00 часот, а верувам дека до тогаш и комисиите ќе завршат со работа, како и другите пратеници кои тргнале за Парламентот ќе стигнат.

Значи, продолжуваме со работа во 14,00 часот.

(По паузата)

Почитувани пратеници, претставници на Владата, продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собрнаието на Република Македонија.

Ве молам, да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата присустни се 70пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот. Претресот по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Илија Илоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 17 пратеници гласаа за, 19 гласаа воздржано и 28 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Уште на почетокот на денешната седница во оваа материјална расправа по амандманот член 4 би сакал да укажам на следното. Во овие неколку дена расправа по Законот за измена на Законот за банки јас укажав на еден ноторен факт дека се работи за круцијален закон во економската сфера. Од тие причини, немајќи ја можноста, поради немање на кворум да расправаме на стручните тела, т.е. на комисиите, матичната комисија за финансирање и буџет не го има погледано овој закон и како што укажав многу тешко ќе биде да дојдеме до некои поадекватни решенија на пленарна седница, би ги замолил уште еднаш претставниците на Владата кои го бранат овој закон пред Парламентот, јасно ми е дека не мораат по согласно на деловникот за работа на Собранието,меѓутоа би било коректно кога не го прифаќаат амандманот да дадат сопствено образложение и сите нас да не убеда во оваа сала дека токму нивниот предлог е подобар и поадекватен да стои во Законот.

Конкретно амандманот број 4 поднесен од моја страна, а се однесува за измени во членот 4, каде што во ставот 2 по зборовите "акции", се додаваат зборовите "со право  на глас", а по зборот "лице", се додава зборот "преку банката", го поднесувам од слените причини. Дополнувањето го предлагам од причина што обврската што е предвидена за известување и претходна согласност за стекнување на акции од банката, во членовите 25 и 26 од Законот се однесува само за акции со право  на глас, а не и за акции без право на глас. Што е суштинско. Исто така, бидејќи доказот за изворот на средства за плаќање на акциите од лицата е дел од документацијата која банката е должна да ја достави до Народната банка со известувањето, согласно со постојните и предложените одредби предвидени во

членот 26 од Законот, предлагам додавање на зборовите "преку банката" само од една единствена причина да се регулира начинот на доставување. Мислам дека укажуваме на битни елементи кои го подобруваат текстот на законот. Во првиот дел со зборот "со право на глас" имаме и суштинска промена. Ако овие аргументи не се доволни, би го молел претставникот на Владата да каже зошто не се доволни и зошто тој мисли дека токму предложеното решение на Владата е поадекватно. Доколку ме убеди, јас како предлагач сум спремен и да го повлечам амандманот и да не се расправаме овде, впрочем и не треба дасе создаваат тензии кај нас да се јавува чувството дека токму само затоа што сум јас пратеник од опозицијата и поднесов ваков амандман кој априори ми се одбива.

Уште еднаш потенцирам, бидејќи навистина намавме прилика на стручните тела, поготово во матичната комисија за финансирање и буџет, да го погледаме текстот на законот, го молам претставникот на Владата да не го одбива амандманот или ако го прифаќа е друго, меѓутоа да не го одбива само со едно зборче да каже дека не се прифаќа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, 23 пратеници гласа за, 21 гла-саа воздржано, и 25 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а по членот 19 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЛЈАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збрр се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

За жал, моите укажувања изгледа не допираат до оние што го бранат законот и морам да констатирам дека тоа е веќе етаблирана пракса на овој Парламент во еден подолг период. Меѓутоа, за да ни е чиста совеста, ние мора да укажуваме зошто сме поднеле вакви амандмани и ако Владата имаше доблест барем да направи суштинска промена, во делот во оној сегмент од Предлог законот во делот за менување на Законот за банки, каде што укажува дека поставува уште една бариера за спречување на перење на пари или за внесување на нечист капитал во банките, не ми е јасно сега од кои причини токму овој амандман се одбива.

Во членот 53 во постојнито Закон не е регулирано тоа прашање, меѓутоа, следејќи ја хронологијата на промени во Законот, дали се тоа палиајативни некои промени или суштински, би било подобро после членот 19, да се додаде нов член 19-а кој гласи: "Во членот 53 ставот 1 се менува и гласи", тоа е промената, а тоа што треба да гласи е следното: "Банката нема да прима депозит ниту да изврши налог за уплата, исплата или пренос на парични средства или други сопствености, како и уплата на капитал, доколку има непобитни сознанија или основано сомневање дека сопственоста на средствата потекнува од криминални активности".Ако во образложението, господо, давате можност да прочитаме дека токму и преку овој закон ќе се бориме со криминалот во Република Македонија, незнам од кои причини зошто сега опонирате и виката едноставно се одбива. Или, барем укажете ни да не се трудиме многу да објаснуваме, ако одговарате со не или да, овде воопшто јас да не објаснувам или можеби пак е добро пошироката јавност да слушне сега токму за каков амандман е поднесен, а предлагачот не сака да го прифати. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, за гласаа 21 пратеник, 18 гласаа воздржано и 28 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 19-а по членот 19, поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 4 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претатавникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЛЈАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Му благодарам на исцрпното излагаше на претставникот на Владата за тоа зошто не го прифати овој амаднман, меѓутоа, господо пратеници, јас ви укажувам на Вас повеќе немам намера да се обраќам до претставникот на Владата и сакам да се обратам до Вас.

Со она што не се прифати во претходниот амандман за промена на членот 19 т.е. за додавање нов член 19-а, ние дефинитивно дозволивме при секое дополнително вложување на капитал во банките или при секоја промена на сопственоста на акциите дека не е повеке потребен документиран доказ за изворот на средства. Тоа го направивме, меѓутоа, гледам дека повторно никој не ме следи и затоа после ќе се бунат истите тие сега што не ме следат од каде капиталот во Македонска банка, да ја спомнам како конкретен пример досега минимум 700 пати го промени номинираниот сопственик. И утре ќе се чудиме како ќе ни се случуваат во серија македонски банки  и навистина незнам јас овде што треба да направам на говорница, да го изгризам микрофонот, да го скршам микровонот да обрнам внимание дека навистина ова не се мои конкретни решенија. Работено е со 7-8 експерти во банкарскиот систем, почнувајќи од Народната банка до шалтерски работници. Како сега, целиот тој труд вложен едноставно овде го негирате со едно да или не, бидејќи го имате тоа некое деловничко право за работа на Собранието. Со одбивањето и на овој последен амандман VI, поднесен од моја страна, се предлага измена во членот 24 став 2, каде што предлагам бришење на ставовите 2 и 3 и повторно имаме еден лаконски одговор, не се прифаќа. Јас верувам да направев некој политички трик овде и да го замолев некој од колегите од ВМРО-ДПМНЕ да ми го потпишат амандманот можеби ќе се прифатеше и тоа без никакви образложенија повторно зошто се прифаќа.

Со овој последен амандман предлагав изменување на ставот 2 членот 24, со оглед на ноторниот факт што сметам дека не е потребно да се ограничува бројот и времето на ревизии на Друштвото за ревизија во пазарни услови на стопанисување, а исто така при формулирање на овој амаднман, респектирани се искуствата од меѓународната пракса. Од една страна сега имаме закон со образложение од предлагачите т.е. министерот за финансии, кој вели дека тука е инкорпорирана меѓународна пракса, консултирани се странски експерти како сето тоа да изгледа и кога вие вметнувате такво проевропско, просветско решение или оштo прифатливо решение во современите банкарски системи, повторно имаме лаконски одговор, не се прифаќа.

Затоа, да ви кажам дека за нас е навредливо од опозицијата без никакви образложенија ноторни факти да се кажуваат овде, да се обрнува внимание пред пратениците дека не треба некогаш да се слушне гласот на Владата, бидејќи токму Парламентот е последниот филтер кој треба да ги корегира во постапка, како последна постапка сите недоста-тоци на еден законски текст, кој како што неколку пати спомнав, да не се повторувам, регулира многу, многу битна материја во севкупниот стопански живот во Република Македонија. Ние, за жал доаѓаме на една седница каде што 90% од пратеничкиот состав си први муабет, си кажува вицови, никој никого не слуша и утре ќе се чудиме што ќе ни се случува.

Ако веќе се оди во промена на законски текст, значи не е нов закон, треба тој текст да е подобар од постојниот. И, да се вратам на почетокот во општиот претрес што кажав по текстот на законот дека гласовите на Пратеничката група на СДСМ битно ќе зависат дали ќе бидат за или против овој закон токму од прифаќање или одбивање на некои амандмани. Немојте да мислите дека од 6 или 7 поднесени амандмани од моја страна, да е прифатен само еден за техничко дотерување или реномерација на членовите во законот, дека тоа нас ќе не убеди дека ќе треба целокупниот текст на законот да го гласаме.

Затоа, да не се повторуваме, меѓутоа би било коректно на сите овие подлабоки образложенија да имаме контра аргументи и доколку се убедиме на стручно ниво, ни не сме тврдоглави до тој степен, за да неможеме да го повлечеме амандманот. Меѓутоа, јас дефинитивно кревам раце дека

нешто навистина во вакво расположение на пленарна седница може да се подобри.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски. Дали некој друг бара збор? (Никој)

Се извинувам, за збор се јави пратеникот Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само колку да не излезе дека тука сме сите присутни, а воедно и глуви или наглуви. Амандманот на колегата е коректен и јас лично го поддржувам. Само упатно е да се потсетиме како нештата течат во Република Македонија на планот на банкарството и добро е да ни биде на сите јасно дека банкарскиот сектор се дефинира преку законодавниот дом, за жал, а донекаде на наша жалост, дури сега во последниве две-три години. Претходните години Парламентот успеа да преспие и да промаши многу важни и многу битни елементи од тој сегмент.

Оттука, би завршил со тоа што би укажал дека овој амандман помага во транспарентнот и овој амандман исто така ќе даде ефекти, доколку биде вткаен во Законот за привлекување на реална нова пара на пазарот кај нас.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Јордан Бошков. Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг на бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеници.

По се изгледа некои од пратениците заборавиле да притиснат на копчето.

Ги молам службите да ги избројат пратениците во салата.

58 пратеници се во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам да гласаме.

Повторно немаме доволен број на пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор да влазат во салата. Ако не можеме да обезбадиме кворум, вие кои сте во салата ќе притиснете едно од копчињата за да се утврди вашето присуство и вие ќе добиете дневница.

Чекаме уште 5 минути.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратаници во салата.

Имаме доволен број на пратеници во салата и можаме да поминеме на гласање.

Молам да гласаме.

62 пратеници се во салата но гласале само 59.

Значи 9 пратаници гласале за, 23 воздржани, 27 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 за менување на став 2, поднесен од пратаникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот на член. 13 за додавање нов став по ставот 6, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 и за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада,

Ние поднесовме амандан на член 1 став 1 со кој предлагаме членот 1 ставот 1 да се брише.

Заради информираност на пратениците, со оглед на тоа што тие треба да одлучат за амандманот, ќе кажам сосема накратко за што се работи.

Со Предлогот на закон за изменување се предлага да се измени член 1 став 1 во делот на само еден збор. Имено се предлага да се брише зборот "основачите".

За што се работи? Се работи за една навидум ситна измена меѓутоа прави крупно пореметување на поставеноста на банкарскиот систем сегашна и идна, што беше зацртана во Република Македонија. Тоа конкретно се однесува за Поштенската банка која што е единствено правно лице во Република Македонија основано согласно одредбите на овој закон, при што во досегашната законска регулатива е предивидено, еден од основачите и акционерите задолжително мора да бите Јавното претпријатие Македонски пошти. Оваа пракса е присутна секаде во светот. Познато е дека поштите се јавни претпријатија во сите држави и дека тие заради обемот за работа и условите во кои работат имаат негативни резултати. Така што секоја земја си има свој проект за надминување на негативните финансиски состојби на таквите јавни претпријатија. Во рамките на тие проекти, како позитивна пракса се потврди дека дополнителните приходи се задоволуваат со основање на поштенски банки. Така што и во Република Македонија тој проект е присутен.

Сега, од за нас неразбирливи причини еден поставен стандард во Република Македонија, присутен и скоро во сите земји се напушта и во рамките на тоа се дава можноста поштите да бидат како и сите други акционери, а да се викаат поштенски банки. Поштите можат да бидат акционери и во секоја банка во Република Македонија, ако преку берзата откупат акции во некоја од банките во Република Македонија. Но, прашање е зошто предлагачот предлага да се напушти потребата и праксата, позитивно потврдена во светот, поштите да основаат поштенски банки. Оттаму јас ги молам пратениците, заради потребата, заради целисходноста која долго време беше оценувана и оценета како позитивна пракса, да го прифатат овој амандман и да предвидат можност Македонските пошти да бидат основачи на поштеска банка. Дури одам дотаму дека во целост овој амандман не е сватен од предлагажот затоа што и самиот предлагач не предлага измени кои нужно ги предизвикува оваа измена, ако помине законот таков каков што т.е. ако не се прифати амандманот, бидејќи во член 47 точка 4 стои и не се предлага да се измени, дека работите на платниот промет во странство, во согласност со закон, издавање и работење со парична картичка, за остварување на функции на оснивачот. Значи се задржува поимот оснивач во член 47, а во член 2 поимот основач се брише. Што е сега целта? На едно место во законот да остане, а во базичниот член Македонска пошта да не биде основач на поштенска банка. Незнам дали предлагачите го погледнале тоа, бидејќи постои колизија меѓу двата члена и таа е видлива во законот. Оттаму предлагам да се преиспитаат уште еднаш. Ако не можат тоа тие да го направат ги молам пратениците да го прифатат овој мој предлог затоа што тоа е за доброто, за иднината на македонските пошти, бидејќи тоа е елаборат кој е направен одамна, кој е позитивно оценет од Европска банка за обнова и развој, со која се правеше и тој елаборат, со помош на донацијата од Норвешката влада. Сега заради некои работи кои се шушкаат, меѓутоа се во фаза на шпекулација, еве одиме и до таква дрскост, да измениме закон за да осполниме одредена цел во Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Бузлевски.

Но пред тоа дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници во салата, не можеме да работиме.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

(Паузаод 15,05 до 16,10 часот)

(По паузата со седницата продолжи да раководи потпретседателот Томислав Стојановски).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Колеги, застанавме кај гласањето, кога се утврди дека за амандманот немаше доволно глассови.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, барем сега попладнево да можеме да работиме.

(По пребројувањето на присутните пратеници во салата).

Дали ние тука што сме во салата сме најпаметни или да не кажам друго што сме. Во салата сме 53 пратеници.

Не е чесно вака. 0станатите колеги да не доаѓаат на седници и да се истопорчат пред новинарите дека Собранието не работи.

Ве молам, поединечно да ги повикаме, за да се знае на кого денес ќе платиме дневници.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

АБДУРАХМАН АЛИТИ-НЕ Е ТУКА
АБДУЛА АЛИУ-НЕ Е ТУКА
ЌАНИ АЛИУ-НЕ Е ТУКА
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-ТУКА
СТОЈАН АНДОВ-ОТСУТЕН
КИРИЛ АНДОНОВСКИ-ТУКА
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА- ТУКА
ЉУПЧО АНУШЕВ-НЕ Е ТУКА
АМДИ БАЈРАМ-ОТСУТЕН
ДЕМУШ БАЈРАМИ-НЕ Е ТУКА
ФАДИЛ БАЈРАМИ-ТУКА
ДИМИТАР БАТКОВСКИ-ТУКА
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ-НЕ Е ТУКА
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСА-НЕ Е ТУКА
ЈОРДАН БОШКОВ-НЕ Е ТУКА
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-ТУКА
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ-НЕ Е ТУКА
СЛОБОДАН ГАРЧЕВСКИ-ТУКА
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ-НЕ Е ТУКА
МИЏАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-ТУКА
ТРАЈКО ГЕШОВСКИ-ТУКА
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-ТУКА
ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ-НЕ Е ТУКА
ПЕТАР ГОШЕВ-НЕ Е ТУКА
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-НЕ Е ТУКА
ЗАМИР ДИКА-НЕ Е ТУКА
ВАНЧО ЃОРЃИЕВ-ТУКА
ИЛИЈА ЃЕОРЃИЕВ-НЕ Е ТУКА
ФАТМИР ЕТЕМИ-НЕ Е ТУКА
ВАСИЛ ЕФТИМОВ-ТУКА
НАСЕР ЗИБЕРИ-НЕ Е ТУКА
ЉУБИСЛАВ ИВАНОВ ЅИНГО-НЕ Е ТУКА
МИРКО ИВАНОВ-НЕ Е ТУКА
ИЛИЈА ИЛОСКИ-ТУКА
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ-ТУКА
ЖАРКО ЈАНКОВСКИ-ТУКА
НИКОЛА ЈОВАНОВ-ТУКА
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-ТУКА
МАРИКА ЈОРДАНОВА-ТУКА
НАЗМИ КАДРИ-ТУКА
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-ОТСУТЕН
ЖАРКО КАРАЏОСКИ-ТУКА
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА-ТУКА
МИТКО КИРО-ТУКА
ЛАЗАР КИТАНОСКИ-НЕ Е ТУКА
САВО КЛИМОВСКИ-ОТСУТЕН
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-ОТСУТЕН
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-ТУКА
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ-ТУКА
ГОРАНЧО ЛАЗОВ-НЕ Е ТУКА
БИЛАЛ ЉУТФИИ-ТУКА
ЈАНИ МАКРАДУЛИ-НЕ Е ТУКА
ВАСЕ МАНЧЕВ-ТУКА
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА-ОТСУТНА
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-ТУКА
ДИСПИНА МАРКОВСКА-УКА
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ-ОТСУТЕН
ДРАГАН МИТЕВСКИ-ОТСУТЕН
КИРИЛ НАСТЕСКИ-ОТСУТЕН
РУБЕНС НАУМОВСКИ-НЕ Е ТУКА
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-ТУКА
ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ-ОТСУТЕН
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-ТУКА
ВАНЧО ПАНЧЕВ-ТУКА
ИЛИЈА ПЕМОВ-ТУКА
ТИТО ПЕТКОВСКИ-ОТСУТЕН
ЧЕДО ПЕТРОВ-ОТСУТЕН
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-ОТСУТЕН
АЗИС ПОЛОЖАНИ-ОТСУТЕН
СТОЈАН ПОПОВ-ОТСУТЕН
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-ОТСУТЕН
НИКОЛА ПОПОВСКИ-ОТСУТЕН
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-ОТСУТЕН
ИСМЕТ РАМАДАНИ-ОТСУТЕН
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-ОТСУТЕН
НЕНАД РИСТОВСКИ-ТУКА
АЦЕ САЈКОВСКИ-ТУКА
АСЛАН СЕЛМАНИ-ОТСУТЕН
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ-ОТСУТЕН
ВАНГЕЛ СИМЕВ-ТУКА
РИСТО СПАНАКОВ-ТУКА
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-ТУКА
ЃОРЃИ СПАСОВ-ОТСУТЕН
МИЛАН СТАВРЕВ-ТУКА
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-ОТСУТЕН
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-ТУКА
ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-ТУКА
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-НЕ Е ТУКА
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ-НЕ Е ТУКА
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-ТУКА
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-НЕ Е ТУКА
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-НЕ Е ТУКА
МУХАМЕД ТАИРИ-ТУКА

АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-ТУКА

МЕВЉАН ТАХИРИ-НЕ Е ТУКА

МИТКО ТИЛЕВСКИ-ТУКА

ЃОРЃИ ТОДОРОВ-НЕ Е ТУКА

РИСТО ТОДОРОВ-ТУКА

ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-ТУКА

ПАНДЕ ТОМОВ-ТУКА

КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ-НЕ Е ТУКА

ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-ТУКА

ТАНАС ТРАЈКОВСКИ-ОТСУТЕН

АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-НЕ Е ТУКА

БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-НЕ Е ТУКА

СЛОБОДАН ЌОСЕВ-НЕ Е ТУКА

ТАКИ ФИТИ-ТУКА

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-ТУКА

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ-ОТСУТЕН

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-ОТСУТЕН

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-ТУКА

КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-ОТСУТЕН

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-ОТСУТЕН

МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-ТУКА

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-СЕ ИЗВИНИ.РЕЧЕ ДЕКА МОРАЛ ДА ОДИ НА НЕКОЈ СОСТАНОК

АРБЕН ЏАФЕРИ-ОТСУТЕН

АЛИЈА ШАХИЌ-ОТСУТЕН

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА-ОТСУТНА

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, 58 пратеници се присутни. Тоа е фамозен број. Дали сакаме да правиме секој ден исто, седницата да ја одлагаме со 58 пратеници или ќе се разбереме еднаш за одговорност.

Ве повикувам и вас и оние што се отсутни, денес веројатно нема да доаѓаат .

Продолжението на седницата дополнително ќе биде закажано.

(Седницата прекина во 16,25 часот).